**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

| | | |
|---|---|---|
| Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година | Предмет бр.: | ИТ-04-82-А |
| | Датум: | 19. мај 2009 |
| | Оригинал: | англиски |

## ВО ЖАЛБЕНИОТ СОВЕТ

**Пред:** **Судија Патрик Робинсон, Претседавач**
**Судија Мехмед Гунеј**
**Судија Лиу Дакун**
**Судија Андресиа Ваз**
**Судија Теодор Мерон**

**Секретар:** **г. Џон Хокинг**

**Датум на поднесување:** **19. мај 2009**

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**Љубе БОШКОСКИ**
**Јохан ТАРЧУЛОВСКИ**

***ЈАВНО***

# РЕШЕНИЕ ПО АЛТЕРНАТИВНОТО БАРАЊЕ НА ОБВИНИТЕЛСТВОТО ЗА ИЗМЕНА НА НАЈАВАТА ЗА ЖАЛБА

**Канцеларија на Обвинителот:**

г Пол Роџерс

**Бранители на Љубе Бошкоски:**

г-ѓа Едина Решидовиќ
г. Гуенел Метро

**Бранители на Јохан Тарчуловски:**

г. Алан М. Дершовиц
г. Натан З. Дершовиц
г. Антонио Апостолски
г. Јордан Апостолски

1. Жалбениот совет при Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година (понатаму во текстот по горенаведниот редослед: Жалбен совет и Меѓународен суд) решава по алтернативното барање на Канцеларијата на Обвинителството (понатаму во текстот Обвинителство) да ја измени својата најава за жалба (понатаму во текстот Алтернативно барање) поднесено на 16. декември 2008.[1] Љубе Бошкоски (понатаму во текстот Бошкоски) одговори на Алтернативното барање на 23. декември 2008[2] и Обвинителството поднесе реплика на 24. декември 2008.[3]

## I. ПРОЦЕДУРАЛЕН КОНТЕКСТ

2. На 10. јули 2008, Судскиот совет II го ослободи Бошкоски по сите точки од Обвинението, и нареди да се пушти на слобода според Правило 99(А) од Правилникот.[4] Обвинителството поднесе жалба на тој дел од Судската пресуда.[5]

3. Бошкоски го поднесе својот Одговор на жалба на 1. декември 2008,[6] во кој се тврди дека Обвинителството вклучило три „нови" основи за жалба во Жалбениот поднесок на Обвинителството (понатаму во текстот Наводни нови основи за жалба).[7] Во однос на Наводните нови основи за жалба, Бошкоски тврди дека тие треба по кратка постапка да се отфрлат поради тоа што: (1) Обвинителството никогаш не ги покренало во текот на судењето и според тоа се откажале од нив;[8] и (2) тие никогаш не биле споменати во Најавата за жалба.[9] Во Репликата на Обвинителството на поднесокот на респондентот е наведено, *inter alia*, дека Наводните нови основи за жалба биле покренати во текот на судењето,[10] и дека Обвинителството не ги изменило своите основи за жалба бидејќи основите остануваат како

---

[1] Алтернативното барање е извршено во Репликата на Обвинителството на поднесокот на респондентот, поднесена доверливо на 16. декември 2008 (понатаму во текстот Реплика на Обвинителството на поднесокот на респондентот), *види* став 14. Јавна редактирана верзија на Репликата на Обвинителството на поднесокот на респондентот беше поднесена на 24. декември 2008, *види* Најава за поднесување на јавна редактирана верзија на Репликата на Обвинителството на поднесокот на респондентот.

[2] Одговор на Одбраната на Бошкоски на Барањето на Обвинителството да ги измени основите за Најава за жалба, поднесен на 23. декември 2008 (понатаму во текстот Одговор).

[3] Одговор на Обвинителството на Поднесокот на Бошкоски на 23. декември 2008, 24. декември 2008 (понатаму во текстот Реплика)

[4] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет бр. ИТ-04-82-Т, Пресуда, 10. јули 2008 (понатаму во текстот Судска пресуда), став 606.

[5] Жалбен поднесок на Обвинителството, поднесен доверливо на 20. октомври 2008. Јавна редактирана верзија на Жалбениот поднесокот беше поднесена на 3. ноември 2008; *види* Најава за поднесување на јавна редактирана верзија на Жалбениот поднесок на Обвинителството, 3. ноември 2008; Најава за поднесување на корегирана јавна редактирана верзија на Жалбениот поднесок на Обвинителството, 4. ноември 2008, ставови 103-104.

[6] Одговор на жалба на Одбраната на Бошкоски, поднесен на 1. декември 2008 (понатаму во текстот Одговор на жалба).

[7] Одговор на жалба, ставови 148-230.

[8] Одговор на жалба, ставови 150, 184, 203, 214.

[9] Одговор на жалба, ставови151, 185, 204, 214.

[10] Реплика на Обвинителството на поднесокот на респондентот, став 9.

што биле во Најавата за жалба.[11] Понатака, во Репликата на Обвинителството на поднесокот на респондентот се содржи Алтернативното барање во кое Обвинителството поднесува барање „според Правило 108 да се измени (Најавата за жалба) со вклучување на „„новите“ аргументи“ доколку Жалбениот совет се согласи со аргументите на Бошкоски во однос на отфрлање по кратка постапка.[12]

4. Во својот Одговор на Алтернативното барање, Бошкоски тврди дека Обвинителството не успеало да: (1) утврди валидна правна основа за Алтернативното барање;[13] и (2) покаже „добра причина“ според Правило 108 да ја измени својата најава за жалба.[14] Бошкоски бара Алтернативното барање да се отфрли или, алтернативно, да му се дозволи да го дополни својот Одговор на жалба во однос на Наводните нови основи за жалба.[15] Одговор на Обвинителството е дека аргументите на Бошкоски за отфрлање по кратка постапка треба да се одбијат и дека со тоа Жалбениот совет не треба да го земе во предвид Алтернативното барање.[16]

## II. ДИСКУСИЈА

5. Жалбениот совет забележува дека не се оспорува[17] дека Алтернативното барање е покренато само како алтернативен контра аргумент на Обвинителството на барањето на Бошкоски за отфрлање по кратка постапка на Наводните нови основи за жалба. Бидејќи барањето на Бошкоски за отфрлање по кратка постапка се однесува на меритумот на оваа жалба, која што ќе биде разгледувана во одлуката од жалбената постапка,[18] Жалбениот совет заклучува дека е прерано во оваа фаза да одлучи дали Алтернативното барање е оправдано.[19]

## III. ДИСПОЗИТИВ

Поради гореизнесените причини, Жалбениот совет **ОДБИВА** да донесе решение по Алтернативното барање во оваа фаза од жалбената постапка.

---

[11] Реплика на Обвинителството на поднесокот на респондентот, ставови 10-13.
[12] Реплика на Обвинителството на поднесокот на респондентот, став 14.
[13] Одговор, ставови 9-13.
[14] Одговор, ставови 14-21.
[15] Одговор, ставови 24-25.
[16] Реплика, став 2.
[17] *Види* Одговор, став 6; Реплика, став 1.
[18] Доколку се смета дека е потребно или оправдано дополнение на Одговорот на жалба, Жалбениот совет своевремено ќе го соопшти тоа.
[19] *Cf. Обвинителот против Благоје Симиќ*, Предмет бр. ИТ-95-9-А, Решение по барањето на Благоје Симиќ за обелоденување на доказни материјали, 23. септември 2004, стр. 3; *Обвинителот против Момчило Крајишник*, Предмет бр. ИТ-00-39-А, Одлука на Жалбениот Совет, 17. март 2009, фуснота 983.

Составено на англиски и на француски, при што англиската верзија е меродавна.

(своерачен потпис на оригиналот)

Судија Патрик Робинсон

Претседавач

На ден, 19. мај 2009

Во Хаг
Холандија

**[Печат на Меѓународниот суд]**